## РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА
## DEKLARATA GJINORE BUXHETORE

**1. Податоци за избраната Програма/Të dhëna për Programin e zgjedhur**

**Име на програмата:**

**Бесплатна правна помош**

**Под програма: Унапредување на системот на бесплатна правна помош**

**(Програмата е предвидена во Стратешкиот план на Министертсвото за правда за 2022-2024 година и Годишниот план за работа за 2024година на Министерството за правда):**

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Одделението за бесплатна правна помош во Секторот за бесплатна правна помош и политички систем при Министерство за правда на Република Северна Македонија.

**Вид на програмата**

☒ **Хоризонтална**

☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027:**

Со Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19), во опсегот на примарната правна помош, меѓу другите, се опфатени жртвите на родово базирано и семејно насилство како и помош при постапка за упис во матична книга на родени, стекнување на документи за лична идентификација и државјанство, постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување и друго.

**Краток осврт на програмата:**

Предметната програма има за цел остварување, олеснување и унапредување на пристапот до правдата на сите граѓани и гарантирање на уставното право на еднаквост на граѓаните./

**Emri i programit:**

**Ndihmë juridike falas**

**Nën programi: Avancimi i sistemit të ndihmës juridike falas**

**(Programi është paraparë në Planin strategjik të Ministrisë së Drejtësisë për vitin 2022-2024 dhe në Planin vjetor të punës për vitin 2024 të Ministrisë së Drejtësisë:**

**Sektori (njësia organizative) kompetent për zbatimin e programit:**

Njësia për ndihmë juridike falas në Sektorin për ndihmë juridike falas dhe sistem politik në Ministrinë e Drejtësisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**Lloji i prigramit**

☒ **Horizontal**

☐ Vertikal

**Si është lidhur programi me Strategjinë për barazi gjinore 2022-2027:**

Me Ligjin për ndihmë juridike falas ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 101/19), në fushëveprimin e ndihmës juridike primare, ndër të tjerat, janë përfshirë viktimat e dhunës në bazë gjinore dhe dhunës në familje, si dhe ndihmën gjatë procedurës së regjistrimit

në librin amë të të lindurve, marrja e dokumenteve për identifikimpersonal dhe shtetësisë, procedura për mbrojtjen sociale dhe mbrojtjen e të drejtave të fëmijëve, sigurimin pensional, invalidor dhe shëndetësor e të tjera.

**Rishikim i shkurtër i programit:**

Programi në fjalë synon arritjen, lehtësimin dhe përmirësimin e qasjes në drejtësi për të gjithë qytetarët dhe garantimin e të drejtës kushtetuese të qytetarëve për barazi.

2. **Анализа на состојбата** (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост)

Со Законот за бесплатна правна помош се уредуваат општите услови за добивање на бесплатна правна помош: Барателот на бесплатна правна помош има право да добие секундарна правна помош доколку поради својата финансиска состојба не може да ги оствари со Уставот на Република Северна Македонија и со закон загарантираните права, без да го загрози сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Родово релевантни прашања во оваа насока и фактори кои придонесуваат кон родова нееднаквост се факторите поврзани со традициите согласно кои жените се најчесто: тие кои немаат имот на свое име (се откажуваат од наследството во корист на браќата/машките членови на семејството а воедно, заедничкиот имот во бракот е најчесто на име на мажот) и жртви на семејно насилство. Тоа влијае на нивната финансика и социјална состојба и статус./

3. **Analiza e situatës** (sqaroni se cilat janë çështjet relevante gjinore të përfshirë/a në sektor/fushë me programin dhe cilat faktorë kontribuojnë në pabarazinë gjinore)

Me Ligjin për ndihmë juridike falas rregullohen kushtet e përgjithshme për fitimin e ndihmës juridike falas: Kërkuesi i ndihmës juridike falas ka të drejtë të përfitojë ndihmë juridike sekondare nëse për shkak të gjendjes së tij financiare nuk mund të realizojë të drejtat e garantuara me Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe me ligj, pa rrezikuar mirëmbajtjen e tij dhe të anëtarëve të tij të familjes me të cilët jeton në një amvisëri të përbashkët.

Çështjet gjinore relevante në këtë drejtim dhe faktorët që kontribuojnë në pabarazinë gjinore janë faktorët që lidhen me traditat sipas të cilave gratë janë më së shpeshti: ato që nuk kanë pronë në emër të tyre (heqin dorë nga trashëgimia në favor të vëllezërve/anëtarëve meshkuj të familjes, e në të njëjtën kohë, pasuria e përbashkët në martesë është zakonisht në emër të bashkëshortit) dhe viktimat e dhunës në familje. Kjo ndikon në gjendjen e tyre financiare dhe sociale dhe në statusin e tyre.

3. **Предложени интервенции** (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)/

**Intervenime të propozuara** (cekni intervenimet të cila konsideroni se do t`i zvogëlojnë pabarazitë gjinore në sektor/fushë)

- Да се утврдат родово специфични потреби и барања на лицата кои се баратели на бесплатна правна помош: колку жени и колку мажи се баратели на бесплатна правна помош и
- Да се утврди родова структура на лица кои добиле право на користење на бесплатна правна помош: колку жени и колку мажи добиле бесплатна правна помош./

-Të përcaktohen nevojat dhe kërkesat specifike gjinore të personave që janë kërkues të ndihmës juridike falas: sa gra dhe sa burra janë kërkues të ndihmës juridike falas dhe

- Të përcaktohet struktura gjinore e personave që kanë fituar të drejtën e përdorimit të ndihmës juridike falas: sa gra dhe sa burra kanë marrë ndihmë juridike falas.

**4. Очекувани резултати од програмата** (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста)./

**Rezultatet e pritura nga programi** (përshkruani në cilat hapa praktikë do t`i arrini rezultatet që do të sigurojnë mundësi më të mira edhe për gratë edhe për burrat në implementimin e programit dhe se si arritja e këtyre rezultateve do të ndihmojë në avancimin e barazisë).

- Унапредувањето на родовата сензитивност ќе се постигне преку континуирано следење на состојбата во областа, изготвување на преглед со родово разделени податоци и во таа насока евентуално подобрување и унапредување на законската рамка како би се поттикнала родовата свесност и истата би се подигнала на повисоко ниво и
- Со реализацијата на оваа програма ќе се помогне на лицата кои се финансиски и социјално загрозени категории да добијат релевантна правна помош со што ќе им се помогне во остварувањето на определено право./
-Avancimi i ndjeshmërisë gjinore do të arrihet përmes monitorimit të vazhdueshëm të situatës në fushë, përgatitjes së një pasqyre me të dhëna të ndara sipas gjinisë dhe në këtë drejtim, përmirësimit dhe avancimit të mundshëm të kornizës ligjore që do të nxiste ndërgjegjësimin gjinor dhe e njëjta do të ngritej në një nivel më të lartë dhe
- Me realizimin e këtij programi do të ndihmoheshin personat të cilët janë të kategorive të rrezikuara nga aspekti financiar dhe social të fitonin ndihmën përkatëse juridike, me çka do të ndihmoheshin në realizimin e një të drejte të caktuar.

**5. Аутпут индикатори/Treguesit autput**

- Утврдување на вкупниот број на подносители на барање за примарна правна помош, колку од нив се мажи а колку жени,
- Утврдување на вкупен бројот на подносители на барање за секундарна правна помош, колку од нив се мажи и жени и
- Утврдување на вкупен број на одобрени барања за примарна и секундарна правна помош, колку од нив се мажи и жени./

- Përcaktimi i numrit të përgjithshëm të aplikuesve për ndihmë juridike primare, sa prej tyre janë
 burra dhe sa gra,
- Përcaktimi i numrit të përgjithshëm të aplikuesve për ndihmë juridike sekondare, sa prej tyre janë
 burra dhe sa gra, dhe
- Përcaktimi i numrit të përgjithshëm i kërkesave të miratuara për ndihmë juridike primare dhe sekondare, sa prej tyre janë burra dhe sa gra.

## 6. Буџет на програмата/извор на средствата / Buxheti i programit/burimi i mjeteve

Од вкупно предвидениот буџет на Министерството за правда наменет за исплата на награда на адвокати за укажана правна помош во судски постапки и исплата на награда на здруженија за укажана претходна правна помош, кој за 2024 година се предвидува да биде 3.000.000,00 денари Исплатата на средствата ќе се одвива преку буџетската сметка 637, Програма 10 – Администрација, ставка 425 – Договорни услуги. Не постои посебна пограма за исплата на предвидените средства.

Воедно, предвидени се и 1.500.000,00 денари да се исплатат на правните клиники и здруженија - како даватели на примарна правна помош. Исплатата на средствата ќе се одвива преку буџетската сметка 637, Програма 10 – Администрација ставка 463 – Трансфери до невладини организации /

Nga buxheti i përgjithshëm i Ministrisë së Drejtësisë i planifikuar për pagesën e shpërblimit të avokatëve për ndihmën e ofruar juridike në procedura gjyqësore dhe pagesën e shpërblimeve të shoqatave për ndihmën e ofruar paraprake juridike, e cila për vitin 2024 parashihet të jetë 3.000.000,00 denarë.

Pagesa e mjeteve do të bëhet përmes llogarisë buxhetore 637, Programi 10 - Administratë, zëri 425 - Shërbime kontraktuese. Nuk ekziston program i veçantë për pagesën e mjeteve të parashikuara.

Njëkohësisht, janë paraparë 1.500.000,00 denarë të paguhen për klinikat dhe shoqatat juridike - si ofrues të ndihmës primare juridike. Pagesa e mjeteve do të bëhet përmes llogarisë buxhetore 637, Programi 10 - Administratë Zëri 463 - Transferta për organizatat joqeveritare.